Peace Corps
NORTH MACEDONIA

# Годишен извештај

## 2019



Peace Corps

# Порака од директорот



Марк Ханафин, директор
Мировен корпус Северна Македонија
*(поранешен волонтер на Мировен корпус во Киргистан, 1993-1995)*

Горд сум што можам да ви го претставам Годишниот извештај на Мировен корпус Северна Македонија за 2019 година. Во текот на оваа година, Мировен корпус Северна Македонија растеше преку зголемениот бројот на волонтери коишто служат овде, заедниците во коишто тие работат, семејствата во коишто тие живеат и нашиот прекрасен персонал што ги поддржува. Ја продолживме нашата извонредна соработка со Ротари интернешнл, со Сојузот на извидници и со Црвениот крст. Со пристигнувањето на МАК24 во септември минатата година и нивната заклетва на почетокот на декември, нашата бројка се зголеми на преку стотина луѓе низ целата земја. Продолживме со подготвителната недела за нашите нови волонтери преку одличната соработка со Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и го вклучивме Гостивар како нова заедница за обука, заедно со поддршката на извонредните Росоман, Свети Николе, Лозово и Неготино. Нашите волонтери, како никогаш досега ги совладуваа македонскиот и албанскиот јазик на напредно ниво. Тие продолжија да делуваат во своите села, населби и градови преку иновативни програми за вештини за млади луѓе, преку ресурсни училници во училиштата, клубови за момчиња и девојчиња и концерти и настапи со лица со посебни потреби. Новоназначената амбасадорка на САД, Нејзината Екселенција Кејт Мери Бирнс, ни се придружи во неколку наврати и ги поддржа волонтерите преку организирање на прошталнa скара за волонтерите од МАК22, преку Кампот за лидерство за момчиња во Крушево и неколкуте посети на волонтерите коишто во својата трета година овде го зацврстија партнерството во секторите на посебни потреби и развој на заедниците. Бевме домаќини на состаноци од висок ранг со Стејт департментот и УСАИД на кои ја истакнавме важноста на делувањето на волонтерите во постигнувањето на мир, заедно со локалните партнери. Длабоко сме благодарни за поддршката што ја добиваме од сите во амбасадата како и од дипломатската заедница.

Во текот на 2019 година, Мировен корпус Северна Македонија го прошири своето интегрирање во заедниците во кои делуваме. Потпишавме меморандум за разбирање со Бирото за развој на образованието и сега нашите обуки за наставници по англиски се акредитирани низ целата земја. Обезбедивме грант за Националниот младински совет преку кој тие беа во можност да спроведат една иновативна евалуација на нашиот проект, кој го спроведуваме во соработка со УСАИД, за мали грантови за помош и со тоа ги проширија нашите сознанија за она што ги прави грантовите да бидат одржливи – оваа евалуација беше спроведена од млади луѓе. Нашиот програмски тим направи ревизија на нашата програма за настава по англиски јазик и на програмата за лицата со посебни потреби и сето тоа заедно со нашите партнери во министерствата и според потребите на владата. Волонтерите организираа 17-дневни капмпови „Околу светот“ во заедниците и во нив вклучија повеќе од 900 млади во активности кои се случуваа во близина на нивните домови и така ги подобрија нивните животни вештини и им помогнаа да научат нови работи за светот. Во нашата канцеларија им посакавме добредојде на неколку нови извонредни вработени и ја продолживме нашата локална програма за стажирање, вклучувајќи го тука и нашиот пријател Оки, млад човек со Даунов синдром кој секоја недела ни носеше инспирација и упорна работа во нашите животи. Подолу ќе стане збор и за бројките и за приказните кои стојат зад тие бројки. Се надеваме дека ќе уживате читајќи за нашата работа и за тоа како сите можеме да придонесеме за иднина исполнета со мир и пријателство меѓу нашите народи.

# Накусо за Мировен корпус

Во 1961 година, тогашниот Претседател на Соединетите Американски Држави, Џон.Ф Кенеди го формираше Мировниот корпус за да промовира светски мир и пријателство и ги поттикна Американците да живеат и да работат во земјите во развој. Поминаа повеќе од педесет и осум години од формирањето на Мировниот корпус но неговата улога и мисија го издржаа тестот на времето. Трите цели на Мировниот корпус остануваат подеднакво важни какви што беа и при неговото формирање:



Цел 1: Да обезбеди волонтери коишто ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.
Цел 2: Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка
Цел 3: Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите во светот.

Од 1961 година, повеќе од 240 000 волонтери на Мировниот корпус служеле во 142 држави и оставиле во наследство заеднички вредности, подобрени односи и одржлив развој во заедниците. Во 2019 година повеќе од 7 300 Американци волонтираа во 61 држава.

# Мировен корпус во Северна Македонија

*Група: МАК 1, 1996*



Мировниот корпус ја започна својата програма во Северна Македонија во 1996 година, на покана од Владата на Северна Македонија. Оттогаш, повеќе од 800 волонтери имаат служено во училишта, општини, граѓански организации и јавни институции за да ги задоволат различните потреби на заедниците ширум земјата. Како признание за улогата на Мировниот корпус за подобрувањето на македонско-американското пријателство, како и за ангажманот и посветеноста на волонтерите во македонското општество, Претседателот на Северна Македонија му додели Орден за заслуги на Мировниот корпус во 2011 година.

Во 2019 година вкупно 109 волонтери служеа во еден од двата проекти на Мировниот корпус Северна Македонија: наставата по англиски јазик и проектот за развој на заедниците, со посебен акцент на младите и лицата со посебни потреби.

Во текот на службата во Северна Македонија, волонтерите се запознаваат со локалната култура, ги учат локалните јазици и активно учествуваат во општествениот живот. По пристигнувањето во Северна Македонија, волонтерите поминуваат низ интензивна обука за јазик, култура и технички вештини. За да се олесни нивната интеграција во локалните заедници, за време на воведната обука волонтерите живеат во локални семејства-домаќини, како и во период од 6 до 24 месеци од започнување на нивната служба. Мировниот корпус ја имплементира својата програма во Северна Македонија преку директна соработка со повеќе државни и локални партнери коишто се активни во сферата на образованието, развојот на заедницата, работа со младите и лицата со посебни потреби.



*Група МАК 24, 2019*

Во 2019 година Мировниот корпус Северна Македонија имаше активни меморандуми за соработка со следните партнери: Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Биро за развој на образованието, Црвен Крст на Северна Македонија, Агенција за млади и спорт, Националниот младински совет и Коалицијата на младински организации СЕГА, Сојузот на извидници на Македонија и Сојузот на Ротари клубови на Северна Македонија.

.

# Приказната за Мировен корпус Северна Македонија низ бројки:

Peace Corps

**2** проекти на Мировен корпус во Северна Македонија – програма за унапредување на наставата по англиски јазик и програма за развој на заедниците

**19** волонтери кои служеа во организации и институции за лица со посебни потреби

**24** години Мировен корпус во Северна Македонија

**26** проекти во заедницата кои беа имплементирани преку програмата за мали грантови

**44** волонтери кои служеа во невладини организации, општини и јавни установи

**56** општини во кои живееја и служеа волонтерите

**65** основни и средни училишта во кои служеа волонтерите

**66** наставници кои работеа заедно со волонтерите за развој на методологија за работа со ученици со посебни потреби

**89** семејства-домаќини кои примија волонтер на Мировниот корпус

**109** волонтери на Мировниот корпус служеа во Северна Македонија

**114** наставници од основни и средни училишта соработуваа со волонтерите

**128** ученици со посебни потреби со кои работеа волонтерите

**180** лица со посебни потреби го подобрија квалитетот на живот преку подобрените животни вештини и го подобрија интегрирањето во заедницата

**1099** поединци учествуваа во активностите за придонес во заедниците

**6267** лица, претежно млади, учествуваа во активностите за придонес во нивните заедници, обуки преку работа и стекнување вештини

**10219** ученици од основните и средните училишта беа подучувани од волонтери во школските училници

# 2 Проекта во Северна Македонија

## Проект за развој на заедницата

Проектот за развој на заедницата во Северна Македонија ги поддржува заедниците и организациите со цел постигнување поефикасен одржлив развој.

Во 2019 година волонтерите на Мировниот корпус работеа со граѓански организации, локални општини и јавни установи низ целата земја.



Во соработка со локалните партнери, целите на проектот за развој на заедницата се да има активно вклучени граѓани и граѓански организации во Македонија кои ќе спроведуваат одржливи напори за развој во заедницата кои би биле инклузивни и од кои би имале корист сите категории граѓани.

Во 2019 година Мировниот корпус Северна Македонија ја прошири својата мрежа на партнери преку потпишување меморандум за соработка со Сојузот на извидници на Македонија. Освен тоа, Мировниот корпус ја продлабочи соработката со Здружението на Ротари клубови на Северна Македонија преку зголемувањето на директниот број на соработки меѓу клубовите и волонтерите во шест заедници.

Во 2019 година, приоритети за волонтерите за развој на заедниците и нивните соработници беа следниве активности:

- Поддршка на организациите при утврдувањето на потребите на заедницата и градење стратешки партнерства за да се одговори на утврдените потреби
- Подобрување на вештините на вработените во организациите во области значајни за организацискиот развој
- Обуки за граѓаните со цел нивно учество во заедницата и стекнување животни вештини, како и подигање на свеста за лицата со попреченост
- Фасилитирање и организирање активности за развој на животни вештини кај младите луѓе, младински клубови и камповите GLOW и YMLP, програми за граѓанско лидерство, Модел на Обединетите нации и државни натпревари по спелување на англиски јазик

# 2 Проекта во Северна Македонија

## Проект за унапредување на наставата по англиски јазик



Волонтерите на проектот за настава по англиски јазик работеа во основните и во средните државни училишта низ целата земја, со акцент на руралните и маргинализираните заедници. Волонтерите за настава по англиски јазик им помагаа на наставниците по англиски јазик во училниците преку користење на методологии кои се базираат на училници и настава во чиј центар е ученикот, на нов пристап во водењето на часовите, а помагаа и во училниците во кои заеднички учат повеќе одделенија. Исто така, имаше и неколку волонтери за лица со посебни потреби кои беа распоредени во основните училишта и соработуваа со наставниците на учениците со посебни потреби и придонесуваа за подобрување на практиките за инклузија во училиштата.

Во текот на годината, Мировниот корпус спроведе детална ревизија на програмата за настава по англиски јазик, како и на програмата за лица со посебни потреби која беше вклучена во програмата за развој на заедниците, а во септември одлучивме да ги споиме првите две во една програма наречена Проект за англиски јазик и инклузивно образование. Како резултат на ова Мировниот корпус започна да распоредува волонтери со две различни цели, едната да им помагаат на учениците да го учат англискиот јазик а другата да даваат поддршка за инклузијата во училиштата на учениците со посебни потреби. Мировен корпус Северна Македонија ги имплементира овие проекти во соработка со Министерството за образование и наука на Северна Македонија и Бирото за развој на образованието, како и со други институции и организации посветени на унапредувањето на образовните можности за овие маргинализирани групи.

Новите цели на проектот за англиски јазик и инклузивно образование се: да се подобри наставата во училиштата, да се зголеми успехот на учениците во учењето англиски јазик, да се зајакнат животните вештини на учениците, да се зајакне училишната заедница како и да се зајакнат можностите на училиштата да ги применат практиките на инклузивна училница, да ги подобрат животните и стручните вештини и да го подобрат капацитетот за поддршка на инклузијата во самата заедница.

Во 2019 година, приоритет на волонтерите на Мировниот корпус и нивните наставници-соработници беа следниве активности:

- Заедничка настава со наставниците по англиски јазик
- Воведување методи кои го ставаат ученикот во фокусот на часот
- Подготовка на материјали за час
- Поддршка на наставниците за развивање методологија за работа со ученици со посебни потреби
- Предавање англиски јазик надвор од училиштето, клубови и други активности
- Помош за училиштата со проектни активности

# 26 проекти имплементирани преку програмата за мали грантови

## Промовирање на здрави животни навики – волонтер Мајкл Родерик



Како дел од програмата за мали грантови на Мировниот корпус волонтерот Мајкл го спроведе проектот „Промовирање на здрави животни навики“ со цел да ги едуцира девојчињата од основното училиште „Кочо Рацин“ во Кратово за сите аспекти на здравите животни навики, какви што се: применување на правилна хигиена, здрава исхрана и физичка активност.

Како дел од проектот, Мајкл, заедно со неговите соработници и други локални партнери, организираа серија работилници, како што се: Здрави навики за деца, серијата предавања за здрав живот (Фактичката состојба во нашата земја, Идеи за надминување на предизвиците поврзани со здравиот начин на живот, Факти или митови, Традиционални игри, Безбедност на интернет, Влијанието на интернет и електронските медиуми, Емоционална интелигенција); Здравјето во пубертетот (биолошки промени, хигиена); Како правилно да се користи опремата и Здрава исхрана.

Беа вклучени и многумина жители на заедницата кои го поддржаа Проектот за здрави животни навики: од студенти, нивните родители, наставниците, локалниот гинеколог, наставниците од туристичкото средно училиште и други. Дваесет и двајца родители присуствуваа на две работилници (кои се одржаа во различни периоди заради нивното слободно време) и повеќе од половината изјавија дека научиле нешто ново за здравите животни навики. Работилницата за здравје во пубертетот ја водеше локалниот гинеколог кој преку своето корисно предавање им пренесе на учениците многу нови знаења а потоа им остави простор и самите да поставуваат прашања за работи кои ги интересираат. Најголемиот дел од ученичките (95%) изјавија дека научиле нешто ново за здравјето во пуберетот и како наученото да го применуваат во своето секојдневие (проектираната цел беше 40%).

Девојчињата, со помош на локалните експерти за нутриционизам, исто така научија многу за подготвувањето на здрава храна. Поголемиот дел од ученичките (81%) изјавија дека научиле нови работи за исхраната и вештини кои можат да ги применат во секојдневниот живот. Преку една интерактивна работилница, којашто ја водеше локалниот професор по туризам, ученичките имаа можност да готват во кујната на ученичкиот дом кој го користи средното училиште и 90% од ученичките изјавија дека научиле нешто ново за готвењето здрава храна и како истото да го применат во секојдневниот живот. На крајот, сите ученици (100%) кои учествуваа изјавија дека стекнале знаења за придобивките од здравиот начин на живот (со што ја постигнавме нашата цел од барем 75%). Овој проект побуди љубопитност и желба за продолжување на учењето со тоа што 24 ученички се пријавија за неделниот Клуб за здрави животни навики, кој започна во септември 2019 година.

# 44 волонтери кои служеа во НВО, општини и јавни установи

## Јакнење на капацитетите преку здрав развој во извидништвото – волонтер Алекс Фам




На почетокот на мојата служба, во пролетта 2019 година, јас и мојот соработник научивме многу еден за друг. Преку нашите долги дискусии, додека јадевме бургери и сладолед, ние учевме, анализиравме, проценувавме и сонувавме. Првата мисија на Мировниот корпус е „да им помага на луѓето во заинтересираните држави да ја задоволат својата потреба за обучени мажи и жени". Целта на извидничкото движење е „да придонесе во развојот на младите луѓе". Имајќи ги на ум овие две мисии и цели, се сплотивме и решивме да го зајакнеме „развивањето на капацитетот" меѓу младите лидери од Сојузот на извидници на Македонија.

Во есента 2018 година работевме фокус група со тогашните млади лидери на извидниците во Сојузот за да развиеме една нова одржлива рамка за обука. За да го имплементираме ова, развивме двогодишен проектен план наречен „Здрав развој во извидништвото". Побаравме помош од една организација која верува во развојот на младите лидери и бевме во можност да влеземе во партнерство со Фондот за интернационално извидништво на САД. Наша цел беше да го зголемиме капацитетот на организацијата во вид на обучени лидери кои би спровеле квалитетна младинска програма. Пролетта 2019 година ја минавме работејќи со тогашните лидери на извидниците на развој на наставната програма за „Националниот тренинг за лидерство" а во согласност со осумте столбови на Извидничкиот метод.

Сојузот на извидници на Македонија ја спроведе еднонеделната пилот обука во 2019 година. Триесет извидници од цела Северна Македонија, заедно со десет обучени извиднички лидери со различни искуства, дојдоа во Националниот извиднички центар во Охрид. За време на обуката извидниците учеа и стекнаа подлабоки сознанија за шесте клучни вештини на мекото лидерство: комуникација, тимбилдинг, решавање проблеми, носење одлуки, еманципирање и емпатија. Тие присуствуваа на работилници за преносливи работни вештини, за годишни планирања, за планирање патролни состаноци и за дизајн и развој на работилници.

Како практичен дел од проектот Национален тренинг за лидерство, новообучените извидници во јули се вратија во Охрид за да го спроведат првиот Летен национален камп. Овие извидници ја испланираа и спроведоа целокупната програма на кампот за 130 Македонци од градовите и заедниците од секој дел на Северна Македонија. По завршување на летната програма тие се вратија во нивните извиднички организации збогатени со знаења со кои ќе ги спроведат младинските програми во своите заедници. Истите овие извиднички лидери повторно ќе се сретнат следната година за да ја испланираат и спроведат Националната обука за лидерство за 2020 година, за следната група на нови лидери и ќе продолжат да го зајакнуваат развојот на капацитетот меѓу младите лидери во Сојузот на извидници на Македонија.

# 44 волонтери кои служеа во НВО, општини и јавни установи

## Сведоштво на Аријанид Џафери – соработник на волонтер

Бевме многу среќни за укажаната можност да аплицираме за волонтер на Мировниот корпус и сме многу возбудени што ја добивме Даниела во нашиот тим. Таа е ангажирана во Еко герила од декември 2018 година и морам да кажам дека ни е од огромна помош. Даниела координира повеќе тимови, активисти и волонтери и постојано нè информира во организацијата за напредокот, за предизвиците и пречките (ако воопшто ги има) а исто така предлага нови идеи и пристапи кои ги прават нашите активности уште поуспешни. Таа е многу важен дел од организацијата и мене лично ми е многу криво што не можеме да ја задржиме во Тетово ЗАСЕКОГАШ! Убеден сум и дека многу од нејзините пријатели овде го мислат истото.




## Сведоштво на Ругова Куртиши – соработник на волонтер



Претходното искуство на Даниела со координација и водење проекти ни беше од огромна помош во Одделението за локален развој во Општина Тетово. Таа беше контактот со невладините организации во градот. Во тесна соработка со колегите од Одделението, таа имаше состаноци еден-на-еден со граѓанското општество и го создаде форматот на општинскиот интернет сајт каде невладините организации можеа самите да се регистрираат.

Во рамките на проектот „Зацврстување на општинските совети“, од кој третата компонента се однесуваше на транспарентност, заедно со Даниела создадовме платформа, каде граѓаните, невладините организации и бизнис заедницата можат да споделуваат идеи, да предлагаат услуги и да се вклучуваат во мапирањето на заедницата.

Нашето партнерство со Даниела беше незаборавно искуство. Знаејќи колку е тешко да живееш во странство, се обидов да ѝ помогнам најмногу што можев за да се чуствува целосно интегрирана во нашата заедница. Никогаш не ја гледав само како волонтерка на Мировниот корпус, туку и како добра колешка и одлична пријателка.

# 65 основни и средни училишта каде што служеа волонтерите

## Име на проектот: Вечер посветена на Доктор Зус, волонтерка Алекса Чемврлејн



Јас бев волонтерка во Три Чешми, село во близина на Штип. За време на мојот престој таму предавав англиски јазик од прво до деветто одделение. Би сакала да нагласам дека добивме два гранта, еден за да оформиме ресурсна училница за англиски јазик а друг за да оформиме библиотека. Откако ја создадовме нашата библиотека посакавме и родителите да ја видат, да бидат повеќе вклучени во училиштето и да го промовираме читањето.

Во февруари решивме темата на нашата семејна вечер да биде Доктор Зус. Секое одделение доби за изведба една претстава или песна поврзана со Доктор Зус. На часовите ги читавме книгите на Доктор Зус, правевме украси а учениците вежбаа за своите настапи. Вечерта кога се одржа настанот учениците и наставниците ги изведуваа своите претстави и песни пред повеќе од триесет родители! По настапите учениците играа игри поврзани со Доктор Зус, решаваа СТЕМ предизвици, читаа книги и изработуваа ракотворби со своите родители. Ова беше успешен настан бидејќи беа вклучени сите ученици и присуствуваа над триесет родители а многумина од нив побараа да се одржуваат уште вакви настани во иднина. По овој настан, учениците и семејствата беа возбудени и сакаа да имаат уште можности да читаат, и во и надвор од училницата. Исто така, направивме проценка за да го одредиме нивото на способност за читање и според тоа ги подредивме книгите во нашата библиотека. Откако беше подготвена, направивме систем што им овозможуваше на учениците од сите нивоа на читање да позајмуваат книги за да читаат дома. Мојата соработничка Мартина, исто така, оформи клуб на читатели во кој постари ученици секоја недела им читаа книги на помладите ученици. Ова послужи како менторска програма за промоција на англискиот јазик и читањето. Знаевме дека колку повеќе нашите ученици читаат толку повеќе нивниот англиски ќе се подобрува и откако тие го сфатија тоа истото им стана забавен начин да го вежбаат јазикот. Веруваме дека вечерта посветена на Доктор Зус беше одличен прв чекор за поттикнување на читањето со родителите и учениците!



# 65 основни и средни училишта каде што служеа волонтерите

## Име на проектот: Часови по гитара – волонтер Весли Косвара

Јас знам да свирам гитара а неколкумина мои ученици изразија желба да учат да свират од некој којшто знае да го прави тоа. Најпрво, сакав да се пријавам за грант за да можам да купам гитари за учениците кои немаа, а сакаа да учат да свират, но подоцна заклучив дека е подобро да започнам со една мала група на веќе заинтересирани ученици.



Се состанувам со учениците секоја недела во една училница и ги подучувам како да свират. Имам вкупно шест ученици на различни нивоа. Секоја недела се обидувам да работам со нив според нивниот напредок. Учиме и свирење со перце и свирење со прсти. Ако учениците сакаат да научат некоја конкретна песна, јас ја внесувам во програмата или ја учиме посебно.

Многу сум среќен заради пријателството кое го развивме со учениците како резултат на часовите, како и од нивниот напредок во совладувањето на самиот инструмент. Часовите се одржуваат на англиски јазик па така сите ученици имаат шанса да го вежбаат јазикот. Заради ова учениците станаа посигурни и посамоуверени во своите способности да го употребуваат англискиот јазик и надвор од часовите. Се надевам дека ќе можам да им дадам солидна музичка основа која ќе можат да ја надградуваат откако јас ќе си заминам. Исто така, се надевам и дека она дополнително вежбање на англискиот јазик ќе им влее самодоверба и желба да продолжат да ги усовршуваат своите јазични вештини и надвор од училницата.

# 89 семејства домаќини на волонтери на мировен корпус

## Приказни на семејствата домаќини – волонтерка Кендал Притч



Кендал беше ТЕФЛ волонтерка во село во близина на Куманово. Кендал ѝ кажа на тетка Благица, нејзината мајка-домаќин која живее сама, дека многу плачела кога дознала дека ќе живее во село, но сега веќе не би го менувала за ништо.
Таа ја научила тетка Благица да прави супа од тиква а тетка Благица ја научила нејзе како да прави кифлички и полнети пиперки. Секогаш кога семесјтвото одело на нива за да сади грав или да работи во лозјето, Кендал одела со нив. Тетка Благица зборувала со нејзиното семејство секоја вечер а и татко ѝ на Кендал дошол во посета. Тие се сè уште во контакт а тетка Благица едвај чека Кендал да се врати!

## Приказни на семејства домаќини – волонтерка Кејнан Крег

Веднаш штом се преселив кај моето семејство домаќин, по обуката, знаев дека тука ќе се чувствувам како дома. Уште од самиот почеток, направија да се почувствувам како да сум вистински член од семејството. Се погрижија да учествувам во нивните секојдневни активности, па така заедно пиевме кафе и одевме на гости кај соседите. Тие ми ја претставија нивната храна, музика, обичаи и празници и секогаш беа расположени да ми одговараат на сите прашања кои ги имав за да си ги подобрам моите јазични вештини. Минатото лето, еден братучед на моето семејство домаќин се ожени а јас бев поканета да бидам дел од свадбените свечености заедно со моите сестри-домаќинки. Носев традиционална носија, ги научив ората и песните кои ги пеевме за невестата и младоженецот. Тука го запознав целото семејство. Тоа беше едно прекрасно искуство и јас за секогаш ќе се сеќавам на искуствата од таа недела. Ми беше од огромна корист тоа што бев дел од свадбените обичаи бидејќи така научив многу за културата на Албанците. Навистина верувам дека си пронајдов второ семејство за време на мојата служба во Мировниот корпус и засекогаш ќе се сеќавам на времето кое го минавме заедно.



# 114 наставници со кои волонтерите работеа

## Сведоштво на Катерина Лукарова – соработничка на волонтер

Да се биде соработник на волонтер е шанса која секој наставник по англиски јазик во нашата земја би требало да ја искористи и прифати со благодарност. Тоа претставува вистински предизвик, како за учениците и наставникот, така и за волонтерот. Тоа е можност со многу предности и со многу малку, или воопшто, без какви и да е недостатоци.

Уште при првата средба со волонтерот учениците и родителите се многу среќни. Учениците стекнуваат поголема самодоверба, повеќе се трудат, стануваат поотворени и помалку срамежливи и интровертни. Одеднаш тие сакаат да остануваат подолго на училиште за да работат и разговараат со волонтерот. Покажуваат интерес за речиси сè што волонтерот им кажува да го прават на часовите и по часовите, па дури и надвор од училиштето, бидејќи волонтерите секогаш организираат многу интересни игри и имаат различни пристапи кон учењето и истражувањето.





Досега, јас и моето училиште ја имавме таа шанса да работиме со двајца волонтери кои им помогнаа на нашите ученици да го подобрат англискиот јазик, а посебно во делот на говорењето. Благодарејќи на нивната работа ја збогативме нашата училишна библиотека со многу интересни книги, речници и граматики. Оформивме и клуб за говорење, читателски клуб и клуб за пишување. Учениците од клубот за говорење напорно работеа и затоа се пријавивме за Светскиот ученички куп. Членовите на клубот за пишување учествуваа на Државниот натпревар за есеи на англиски јазик каде го освоија второто место а исто така учествуваа и на многу други натпревари и дебати кои се одржуваа во Американското катче во Скопје.

Нашиот план за ова лето беше да организираме еден патувачки камп и да пратиме неколкумина наши деветтоодделенци во камповите GLOW и YMLP. Исто така планиравме да ги мотивираме нашите ученици да бидат поактивни во текот на летото преку проекти надвор од училиштето: планинарење на Водно, посета на Зоолошката градина, возење велосипед и часови по сликање, бидејќи нашата волонтерка Лиз е одлична сликарка, како и други интересни активности за нив. Се надеваме дека ќе имаме прилика да го оствариме сето ова.

# 114 наставници со кои волонтерите работеа

## Сведоштво на Марина Спасова – соработничка на волонтер



Во текот на изминатите 16 месеци, основното училиште „Славчо Стојменски" беше домаќин на волонтер на Мировниот корпус од Кентаки. Филип Ленч и јас бевме партнери на многу проекти надвор од нашите наставни активности а исто така станавме и добри пријатели. Неодамна, нашето училиште оформи англиски музички клуб во кој учениците можеа да се собираат и да учат песни на англиски јазик кои потоа ги пееја како хор. Кога Филип ни се придружи тој предложи да организираме и концерти во Домот на културата во Виница на кои учениците би настапиле со песни и танц пред публика. И двата концерти беа успешни а приходот од летниот и зимскиот концерт го доби училиштето.

Филип исто така ни помогна и со други проекти кои јас ги иницирав, какви што беа еколошкиот клуб и воншколските туторијали кои ги одржувавме во Црвениот крст кој се наоѓа во близина. Работевме со ученици од прво до деветто одделение и предававме на многу различни начини, во зависност од возраста на учениците. Дополнително, Филип во наставата инсистираше на еден пристап кој е повеќе фокусиран на говорењето, што беше добро дополнување на вежбите за пишувањето и читање кои веќе ги користевме.



Генерално гледано, јас и Филип навистина добро соработувавме. Обајцата имавме опуштен пристап кога станувааше збор за решавање на проблемите и никогаш немавме несогласувања или проблеми во, и надвор од училницата. Бевме во почетна фаза за пријава за грант од Мировниот корпус за да основаме ресурсен центар за англиски јазик на првиот кат од нашето училиште, но моравме да ги прекинеме плановите заради корона вирусот. Бевме многу тажни бидејќи Филип си замина порано од планираното но истовремено сме многу благодарни за неговиот придонес во нашето училиште и заедницата. Тој стана еден од моите најдобри пријатели а моето семејство секогаш ќе се сеќава на него како на една добра личност и наш член. Тој секогаш ќе има свој дом овде во Виница.

# Програма за стажирање во Мировниот корпус

Покрај работата што ја имаат нашите волонтери во нивните заедници, Мировниот корпус Северна Македонија директно го подржува развојот на квалификациите кај младите преку својата Програма за стажирање која ја започнавме во 2017 година. Оваа младинска програма им нуди можност на локалните студенти, или скоро дипломирани, да бидат дел од работата на Мировниот корпус Северна Македонија и да ги зајакнат своите административни вештини за својата понатамошна успешна професионална кариера. Стажирањето во Мировниот корпус трае помеѓу шест и девет месеци, во зависност од нашите работни потреби како и од достапноста на волонтерот. Досега, нашата канцеларија го имаше тоа задоволство да биде домаќин на 16 стажанти. Мировен корпус Северна Македонија тесно соработува со лицата со посебни потреби во земјата. Оваа година создадовме можност за Оки, млад човек со Даунов Синдром да помине извесно време во нашата канцеларија како стажант. Од неговото присуство и соработка научивме колку многу се способни лицата со посебни потреби. Подолу ќе можете да прочитате за искуството на нашите последни стажанти, Никола, Ѓурѓица и Оки.




Никола Донев

Возвишената мисија за градење мир е таа која ги искушува срцата, умовите и душите на мажите и жените низ времето и просторот, но и покрај тоа, истрајноста и силната верба во каузата ќе дадат резултати – токму ова е приказната на Мировниот корпус која го опфаќа целиот свет и сум благодарен што сум мал дел од таа огромна приказна.

Мојата приказна со Мировниот корпус започна во мојата локална заедница каде што имав можност да се сретнам со волонтери и да се вклучам во нивната работа. Работејќи со волонтери на Мировниот корпус низ годините тие станаа едни од моите најдобри ментори и пријатели кои ме обликуваа во она што сум денес. Времето кое го минав како стажант во канцеларијата на Мировниот корпус во Скопје беше привилегија која ми овозможи однатре да видам како фунционира таа организација и како волонтерите и персоналот заедно работат обидувајќи се да ја интегрираат новата група волонтери  во заедниците и како им помагаат на веќе етаблираните волонтери во нивната работа. Стажирањето исто така беше можност да му се оддолжам на Мировниот корпус преку нудењето помош кога вработените ја пречекуваа групата МАК24 а исто така имав можност да ја набљудувам работата на групата МАК23 за време на една од конференциите организирана за волонтерите.

Како што возвишената мисија на Мировниот корпус продолжува, дури и во тешките времиња на очај и несигурност, така истрајноста сега е поважна од било кога а постоењето на Мировниот корпус останува да биде вистински симбол на мирот кој може да биде поттикнат единствено од луѓето, кон луѓето и за луѓето.

# Програма за стажирање во Мировниот корпус

Стажирањето во Мировниот корпус беше несекојдневно искуство. Деновите поминати таму никогаш не беа досадни или неинтересни бидејќи секогаш беа исполнети со задачи и разговори со други луѓе.

За време на седумте месеци, додека стажирав, имав шанса да учам и да помагам додека ова големо семејство ги остваруваше своите цели. Задачата не беше лесна, требаше да подготвуваш за волонтерите, да мислиш и да бидеш таму за секого, но сѐ завршуваше совршено заради меѓусебната поддршка која тие си ја даваа. Деновите ми беа исполнети со задачи кои ми помогнаа да ги запознаам луѓето таму и кои ми помогнаа да научам нови вештини, да ја подобрам комуникацијата и мојот општ развој. Имав прилика и да разговарам со некои од волонтерите и да се спријателам со нив. Немаше ден а вработените да не ни се заблагодарат за нешто што сме го направиле, било да е мало или големо, од што заклучив дека дури и најмалиот придонес може да направи промена. Канцеларијата беше секогаш исполнета со смеа и живи разговори, кои правеа моите утра да бидат освежувачки и весели. Времето поминато во Мировниот корпус беше исклучително, а самото тоа што го делев со Никола го направи да биде уште поспецијално и незаборавно.




Ѓурѓица Темелкова



Орхан Амит – Оки

Оки беше многу среќен и возбуден кога го започна своето стажирање во Мировниот корпус. Тој доаѓаше среќен на работа и не можеше да дочека повторно да дојде следниот ден. Ова беше едно одлично искуство за него бидејќи му беше прва можност да помага со работа во канцеларија и да докаже дека може да го прави тоа. По секој ден минат во Мировниот корпус тој се враќаше дома со огромна насмевка на лицето и со возбуда ни кажуваше што сработил тој ден.

# Мировен корпус Северна Македонија во 2019

**109**
волонтери на Мировниот корпус во 2019 година

**44**
волонтери кои служеа во невладини организации, општини и јавни установи

**65**
основни и средни училишта во кои служеа волонтерите

**114**
наставници од основни и средни училишта соработуваа со волонтерите

**14**
кампови „Околу светот“

**24**
години во Северна Македонија

**1099**
поединци учествуваа во активностите во заедниците

**291**
корисници со посебни потреби

**10219**
ученици подучувани од волонтери

**56**
општини во кои служеа волонтерите

**4**
локални јазици кои волонтерите ги учеа

**63**
граѓански организации кои работеа со волонтерите

# Волонтери на
# Мировниот корпус според регион




Peace Corps
NORTH MACEDONIA



89
семејства домаќини примија волонтер




од сите волонтери служеа во рурални области